РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-19548/1
11-12-2014 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: | 18. 12. 2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/280 | 1 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 25 став 2 и 5 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14 и 135/14), министерот за образование и наука донесе

Архивски знак. ____
Рок на чување. ____
____ 20 ___ год.
Потпис, ____

## Р Е Ш Е Н И Е

### за дополнување на наставните програми по македонски јазик за основно образование во делот на нормативот за наставен кадар

1. Со ова Решение се дополнуваат наставните програми по македонски јазик за основно образование во делот на нормативот за наставен кадар и тоа:
„- Студиска група за македонски јазик – професор по македонски јазик"
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

О б р а з л о ж е н и е:

Согласно член 25 став 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14 и 135/14), во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото, ги утврдува министерот. Согласно ставот 5 со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата, оценувањето на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

Согласно Записникот од Комисијата за промена на наставните програми по македонски јазик за основно образование во делот на нормативот за наставен кадар во основното и средното образование бр.11-16430/5 од 11.12.2014 година, Бирото за развој на образованието предлага дополнување на наставните програми по македонски јазик за основно образование во делот на нормативот за наставен кадар во основното деветгодишно образование.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

Доставено до:

- Сектор за основно и средно образование
- Биро за развој на образованието
- архива

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-19549/1
11-12-2014 год.
С К О П Ј Е

СКОПЈЕ 1
Примено: 18. 12. 2014
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
07 | 12/281 | -

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116, 14 и 135/14), министерот за образование и наука донесе

Архивски знак. ____________
Рок на чување. ____________
____________ 20 ___ год.
Потпис.

## Р Е Ш Е Н И Е

**за дополнување на наставните програми по македонски јазик за средно образование во делот на нормативот за наставен кадар**

1. Со ова Решение се дополнуваат наставните програми по македонски јазик за средно образование во делот на нормативот за наставен кадар и тоа:

„- Студиска група за македонски јазик – професор по македонски јазик"

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 22 став 1 од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14 и 135/14), плановите и програмите за јавните училишта ги предлага Биро за развој на образованието, а ги донесува министерот.

Согласно член 21 став 1, со наставните планови и наставните програми се уредуваат целите, наставните подрачја, теми и содржини, образовните стандарди и профилот на наставникот кој ја реализира наставата.

Согласно Записникот од Комисијата за промена на наставните програми по македонски јазик за основно образование во делот на нормативот за наставен кадар во основното и средното образование бр.11-16430/5 од 11.12.2014 година, Бирото за развој на образованието предлага дополнување на наставните програми по македонски јазик за средно образование во делот на нормативот за наставен кадар во средното образование.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Abdilaqim Ademi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

Доставено до:

- Сектор за основно и средно образование
- Биро за развој на образованието
- архива